ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
TENNIS FEDERATION OF NORTH MACEDONIA

## ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ТФСМ)

# ТЕНИСКИ
# ПРАВИЛА И ПРОПИСИ

# 2026

# СОДРЖИНА

1. <u>ОПШТИ УСЛОВИ</u>
2. <u>ЗАДОЛЖИТЕЛНИ УСЛОВИ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ НАТПРЕВАРИ</u>
3. <u>ПРАВО НА НАСТАПУВАЊЕ</u>
4. <u>ПРИЈАВИ ЗА НАСТАПУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИ НАТПРЕВАРИ</u>
5. <u>ПРИЈАВНИНИ</u>
6. <u>БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ</u>
7. <u>ТРАЕЊЕ НА ТУРНИРИТЕ</u>
8. <u>БРОЈ НА НАТПРЕВАРИ</u>
9. <u>ВЛЕЧЕЊЕ НА ЖРЕПКА</u>
10. <u>ОРГАНИЗАТОР НА НАТПРЕВАРИТЕ</u>
11. <u>ТЕНИСКА ЛИГА НА МАКЕДОНИЈА ЗА МАЖИ И ЖЕНИ</u>
12. <u>ЕКИПНИ ПРВЕНСТВА</u>
13. <u>МАСТЕРС ТУРНИРИ</u>
14. <u>ОФИЦИЈАЛНИ ЛИЦА</u>
15. <u>ПРАВИЛА ЗА ОБЛЕКУВАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ</u>
16. <u>РАНГИРАЊЕ НА ТУРНИРИ И ИГРАЧИ</u>
17. <u>ДРУГИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ</u>
18. <u>КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ</u>
19. <u>ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ</u>

## 1. ОПШТИ УСЛОВИ

1.1 Овие Правила и Прописи ги содржат основите за составување пропозиции, ги дава условите што треба да ги исполнуваат организаторите на тениските натпревари, правата и должностите на делегатот/врховниот судија, водството на натпреварот, тениските судии и играчи, како и казнените правила, односно доследностите на кои потпаѓаат сите наведени учесниците на натпреварите.

1.2 На меѓународните натпревари ќе важат правилата на овој Правилник, како и соодветните меѓународни правила на Интернационалната Тениска Федерација (ИТФ) и Европската Тениска Асоцијација, Теннис Еуропе (ТЕ).

## 2. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ УСЛОВИ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ НАТПРЕВАРИ

2.1 Сите натпревари се играат на систем на директна елиминација.

2.2 На сите турнири до 12 и до 14 години каде организаторот има три или повеќе тениски терени задолжително е да се игра и бонус турнир за тенисерите кои загубиле во првото коло односно второто коло доколку биле слободни во првото. Доколку условите дозволуваат турнирите до 12 години ќе се играат по системот Секој со Секого (Роунд Робин), најмногу 4 натпреварувачи во група во првата фаза (најдобро пласираниот од секоја група оди во втората фаза) и Директна Елиминација во втората фаза. Бројот на учесници на турнирите е неограничен.

2.3 Сите Натпревари од главниот турнир вклучуваќи го и Државното првенство за мажи и жени се играат во два добиени сета со примена на "тие бреак" во секој сет.

Натпревари од главниот турнир (елиминационен турнир) кај отворените првенства до 12 години се играат играат во два добиени стандардни сета со примена на правилото "tie break", за трет сет се игра меч "tie break" до 10 поени со два поени разлика.

Натпревари од главниот турнир кај државното првенство до 12 години се играат во два добиени стандардни сета со примена на правилото "tie break".

Со дозвола на Судиско-Натпреварувачкиот Комитет на ТФСМ, турнирите може да се играат и со алтернативни методи на броење на резултатот, прифатени и препорачани од ИТФ и ТЕ.

2.4 На турнирите од Календарот на ТФСМ, вклучувајќи ги и Државните првенства:

- до 12 години и 14 години, квалификациите, бонус турнирот до 12 и 14 години и групната фаза до 12 години ќе се играат во два добиени скратени сета со примена на правилото "tie break" при резултат 4:4, за трет сет се игра меч "tie break" до 10 поени со два поени разлика.
- до 16 години и 18 години квалификациите се играат во два добиени стандардни сета со примена на правилото "tie break".
- во конкуренција Мажи/Жени сите мечеви се играат во два добиени стандардни сета со примена на правилото "tie break" во секој сет.

2.5 На сите Државни првенства за Јуниори/Јуниорки до 12, 14, 16, 18 години, Мажи и Жени и Ветерани, доколку клубот организатор има услови, ќе се организира и турнир во двојки. Натпреварите ќе се играат согласно препораките од ИТФ, ТЕ и Пропозициите од ТФСМ за даденото Првенство. Минимум потребен број за оддржување на турнирот е 4 пара.

2.6 На сите турнири од Календарот на ТФСМ, вклучувајќи ги и Државните првенства, од 1/2 финале натпреварите може да ги судат тениски судии, што е должен да ги обезбеди организаторот во соработка со Судиско-Натпреварувачкиот комитет на ТФСМ.

2.7 На меѓународни натпревари мечевите ги судат судии предложени од Судиско-Натпреварувачкиот комитет на ТФСМ а одобрени од ИТФ, ТЕ, АТР и WTA.

2.8 Сите натпревари се играат со 3 топки, кои ги обезбедува ТФСМ, мечевите од бонус турнирите се играат со веќе користени топки.

## 3. ПРАВО НА НАСТАПУВАЊЕ

3.1 На сите натпревари право на настап имаат сите играчи кои се уредно регистрирани врз основа на одредбите од Правилникот за регистрација на ТФСМ, со извршен лекарски преглед за тековната година и не се казнети или суспендирани.

Право на настап на Државните Првенства имаат само државјаните на Република Северна Македонија и оние натпреварувачи кои имаат двојно државјанство, но со регистрираниот ИПИН број настапуваат под Република Северна Македонија

3.2 Право на настап на турнирите имаат:

- Во конкуренција на Мажи и Жени право на настап имаат сите играчи со наполнети 14 години.
- Во конкуренција на Јуниори-ки до 18 години право на настап имаат сите играчи кои полнат 18 години (за 2026 година играчи родени 2008 година и помлади, но со наполнети 13 години на денот кога почнува главниот турнир.
- Во конкуренција на Јуниори-ки до 16 години право на настап имаат сите играчи кои полнат 16 години (за 2026 година играчи родени 2010 година) и помлади, но оние играчи кои полнат 12 години во 2026 година.
- Во конкуренција на Јуниори-ки до 14 години право на настап имаат сите играчи кои полнат 14 години (за 2026 играчи родени 2012 година) и помлади, но со наполнети 10 години на денот кога почнува главниот турнир.
- Во конкуренција на Јуниори-ки до 12 години право на настап имаат сите играчи кои полнат 10 години до играчи кои полнат 12 години (за 2026 година играчи родени од 2014 до 2016 година)
- По претходно доставено известување и барање на Комитетот за развој и Јуниорскиот Комитет, можат да настапат и помлади играчи со постигнати значајни успеси на турнирите во својата конкуренција.

## 4. ПРИЈАВИ ЗА НАСТАПУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ НАТПРЕВАРИ

4.1 Играчите се должни сами да се пријават преку својот профил на платформата: https://igraj.tfsm.mk/tournaments. Сите играчи треба да ја имаат обновено регистрацијата за тековната година како би можеле да се пријавуваат на турнирите од календарот на ТФСМ.

4.2 Последен рок на пријава е 3 дена пред започнување на турнирот.

4.3 ТФСМ може да откаже учество на некој играч по писмен пат 1 ден пред почетокот на турнирот (нерегистрирани, казнети, суспендирани).

4.4 Дадената пријава за натпревар може да ја отповика подносителот.

## 5. ПРИЈАВНИНИ

5.1 Пријавнината за секоја натпреварувачка година ја одредува Управниот одбор на ТФСМ со донесување на одлука, и таа му се плаќа на организаторот на натпреварот, на жиро сметка

посочена од организаторот или во готовина на лице место, а која ќе биде нагласена во пропозициите за секое првенство поединечно.

Роковите за уплата се 4 дена пред почеток на турнирот. Со самата уплата кон организаторот, играчот се смета дека е запишан на турнирот.

Уплатените средства за пријава на учество на турнир не се повратни доколку играчот е извлечен во ждрепката и ставен на распоред за играње и истите се веќе објавени.

За ненавремена одјава ќе следат санкции согласно овие Правила и Прописи на ТФСМ. Во случај на уплатени средства и навремена одјава согласно пропозициите на ТФСМ играчот треба да побара повраток на средства од организаторот и истите треба да му бидат вратени.

Истото се однесува и за учесниците кои ќе доставaт медицинска белешка пред објавување на ждрепките за турнирот. Одјава со медицинска белешка е дозволена само 2 (два) пати во една натпреварувачка сезона.

## 6. БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ

6.1 Максималниот број на учесници во главниот турнир на државните првенства и на други турнири во поединечна конкуренција за сите категории изнесува 32.

6.2 Ако на натпреварот се пријават повеќе учесници се играат квалификации:

- за 4 места во главниот турнир доколку турнирот во квалификациите се прави за 16 играчи
- за 8 места доколку турнирот во квалификации се прави за 17 до 32 и повеќе натпреварувачи.
- директно во главниот турнир влегуваат 22 односно 26 пријавени играчи од ранг-листата на ТФСМ и 2 директни учесници (wild card) што ги определува организаторот.

6.3 Доколку во двете категории (машки и женски) не се пријави минимална бројка (8) играчи турнирот ќе биде откажан или одложен. Доколку во едната категорија се пријават доволен број на играчи 8 или повеќе а во втората категорија не се пријават доволен број на играчи односно помалку од 8 но не помалку од 6 играчи, двете категории ќе бидат организирани и нема да има откажување.

## 7. ТРАЕЊЕ НА ТУРНИРИТЕ

7.1 Главниот турнир најмногу може да трае 4 дена, додека квалификациите се одржуваат 1 ден порано. Доколку дојде до продолжување на натпреварите од било кои објективни причини, истите можат да се продолжат за еден ден со дозвола од Судиско-Натпреварувачкиот комитет на ТФСМ.

## 8. БРОЈ НА НАТПРЕВАРИ

8.1 Во текот на еден ден, натпреварувачот максимално може да одигра два меча со стандардни сетови или три меча со скратени сетови во поединечна конкуренција и еден меч во двојки. Мечевите во двојки секогаш се играат после мечевите во поединечна конкуренција.

8.2 Натпреварите не смеат да се закажат со почеток после 21.00 часот, а до 12 години натпреварите не смеат да се закажуваат со почеток после 20.00 часот. Во летниот период кога временските услови се екстремни (портокалова и црвена фаза), натпреварите ќе се одвиваат според препораките на Државните органи.

8.3 Играчот меѓу два поединечни меча има право на одмор и тоа:

- до одиграни 60 минути има право на одмор од најмалку 30 минути
- за одиграни 60 до 90 минути, има право на одмор од најмалку 60 минути
- за одиграни 90 до 120 минути, има право на одмор од најмалку 90 минути
- за одиграни повеќе од 120 минути, има право на одмор од најмалку 120 минути
- одморот меѓу два меча во двојки или еден поединечен меч и еден меч во двојки ќе биде најмалку 30 минути.

Ако условите налагаат во ист ден да се играат полуфиналните и финалните натпревари, тогаш одморот меѓу двата натпревари не може да биде пократок од 120 минути, освен ако играчите не се договорат поинаку во консултација со делегатот на турнириот.

## 9. ВЛЕЧЕЊЕ ЖДРЕПКА

9.1 Влечењето на ждрепка за квалификацискиот турнир доколку има потреба и главниот турнир се одржува ден пред почеток на турнирот, согласно листата на пријавени учесници. Во случај на непојавување на турнир на веќе извлечен играч на негово место доаѓа најдобро рангираниот играч кој изгубил во последното коло од квалификациите (Lucky loser). Ако има два или повеќе играчи со ист ранг или без ранг, се влече жрепка.

9.2 Влечењето на жрепката го врши Делегатот/Врховниот судија. Влечењето на жрепката се врши јавно во канцеларијата на ТФСМ, или на друго место за кое претходно ќе одлучи Судиско-Натпреварувачкиот комитет на ТФСМ. На извлекувањето можат и неморааат да присуствуваат официјални лиценцирани тренери согласно одлуката за тековната година, натпреварувачи и останати официјални лица од клубовите членки на ТФСМ. По извршеното влечење на жрепката се потпишуваат лицата кои го извршиле влечењето.

9.3 Влечењето на жрепката се врши на тој начин што прво се одредуваат носителите според ранг-листата на ТФСМ.

Бројот на поставените носители зависи од бројот на учесниците на натпреварот и тоа:

- за 24 натпреварувачи 8 носители на група, сите слободни во првото коло;
- за 32 натпреварувачи 8 носители на група.

9.4 На сите Отворени и Државни првенства во поединечна конкуренција, вклучувајќи го Државното првенство до 12 години, каде што има повеќе од 16 играчи, носителите се влечат на следниов начин:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - носител | 1 | позиција | 1 |
| - носител | 2 | позиција | 32 |
| - носители | 3,4 | - прво извлечен | 9 |
| | | - второ извлечен | 24 |
| - носители | 5,6,7,8 | - прво извлечен | 8 |
| | | - второ извлечен | 16 |
| | | - трето извлечен | 17 |
| | | - четврто извлечен | 25 |

На Отворените Првенства за јуниори-ки до 12 години, се поставуваат 4 носители и тоа:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - носител (победник) | 1 | позиција | 1 |
| - носител (финалист) 2 | | позиција | 32 |
| - носители (1/2 финале) | 3,4 | - прво извлечен | 9 |
| | | - второ извлечен | 24 |

На турнири каде што има 16 играчи, носителите се влечат на следниов начин:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - носител | 1 | позиција | 1 |
| - носител | 2 | позиција | 16 |
| - носители | 3,4 | - прво извлечен | 5 |
| | | - второ извлечен | 12 |

Во конкуренција на двојки за 8 или 16 пријавени пара, се поставуваат 4 носители. Носителите се поставуваат според вкупниот ранг на двата играча од поединечниот ранкинг.
9.5 Носители може да бидат само играчи кои се наоѓаат на ТФСМ ранг-листата во таа категорија.

## 10. ОРГАНИЗАТОР НА НАТПРЕВАРИТЕ

10.1 Организаторот не смее да организира истовремено натпревари од две или повеќе старосни категории.

10.2 На државните поединечни првенства организаторот мора да има:
- најмалку 3-4 терени од иста подлога со димензии според правилата на ИТФ
- соблекувални со потребни хигиенски услови, посебно за жени посебно за мажи.
- да обезбеди истакнување државно, клубско и знамето на ТФСМ.
- да ги испрати до ТФСМ потребните податоци за организирање 10 дена пред почетокот на турнирот.

10.3 Пропозициите 7 дена пред почетокот на турнирот се објавуваат на Веб страната на ТФСМ а доколку е потребно се праќаат и до сите клубови од страна на ТФСМ.

10.4 Во пропозициите треба да бидат наведени име и презиме на директорот на турнирот, број на телефон, е-маил, адреса и сите останати информации кои се релевантни.

10.5 Организаторите на државните првенства и другите турнири од календарот на ТФСМ ќе ги покриваат трошоците за сместување, храна и превоз на Делегатот/Врховниот судија.

10.6 Организаторот на натпреварот е должен за секој ден на турнирот да обезбеди медицинско лице (физиотерапевт) во клубот и лекар на повик.

## 11. ТЕНИСКА ЛИГА НА МАКЕДОНИЈА ЗА МАЖИ И ЖЕНИ

11.1 Тениската лига на Македонија се организира како Прва лига и квалификации.

11.2 Домаќинот на натпреварот го одредува ТФСМ.

11.3 Број на екипи во Македонската тениска лига изнесува 8(осум) екипи.

11.4 Право на учество во Македонската тениска лига имаат сите регистрирани тениски клубови во ТФСМ, со уредно платена членарина за тековната година.

11.5 Пријавнината за учество во македонска лига ја одредува Управниот одбор на ТФСМ пред почетокот на натпреварувачката сезона и ќе се плаќа пред секој натпревар.

11.6 Правила за пополнување на лигата:
- По завршувањето на лигата последната екипа излегува од лигата и следната година ќе ја игра во квалификациите, додека првиот од квалификациите ќе се вклучи во првата лига.

11.7 Во квалификациите учествуваат екипи кои немале пласман во Лигата и новоформираните клубови.

11.8 Правила на натпревари во Првата лига и Квалификациите.
- Лигата ќе се одржи со најмалку 3 пријавени екипи,
- секоја екипа во лигата ќе игра со сите други екипи од лигата. Како што следи:

- пријавени 3 до 5 екипи, сите играат во една група секој со секого
- пријавени 6 екипи - две групи составени од по 3 екипи, најдобрите пласирани играат за 1во место, 2ро пласираните од групите играат за 3 то место,
- пријавени 7 екипи - се игра во две групи, каде во првата група каде е 1 носител ќе бидат извлечени 3 екипи, најдобропласираните играат за 1во место, 2ро пласираните од групите играат за 3 то место,
- пријавени 8 екипи - се игра во две групи од по 4 екипи, најдобропласираните играат за 1во место, 2ро пласираните од групите играат за 3то место,
- минималниот број натпреварувачи е 5, а максималниот 12 со тоа што натпреварот мора да го започнат најмалку 5 натпреварувачи. Одредување на натпреварувачкото место во екипите ќе се врши според важечката ранг-листа на ТФСМ и според одредбите кои го регулираат рангирањето на играчите. Играчите кои не се рангирани може да се стават на кое било место во екипата, но после рангираните. Натпреварите се играат по системот 5 поединечни натпревари во два добиени сета со примена на правилото "тие - бреак" во секој сет и 2 натпревари во двојки во два добиени сета, без предност со примена на правилото "tie break", а при резултат 1:1 во сетови ќе се игра одлучувачки "меч tie break" (10 поени) на местото од 3 сет.

11.9 Право на настап во екипите имаат сите регистрирани играчи во ТФСМ кои имаат наполнети 14 години.
На секој меѓусебен Натпревар на Тениската Лига помеѓу два тениски клуба, може да настапат само 2 (два) натпреварувачи странци поединечно и во игра на двојки.

11.10 Секој домаќин е должен да ги обезбеди следниве услови за натпреварување:
- најмалку 3 истородни тениски терени со димензии прифатени според ИТФ правилата.
- Делегатот/врховниот судија и судиите на стол ги одредува ТФСМ, а организаторот ги покрива трошоците за сместување, храна и превоз.
- Хонораророт на Делегатот го покрива ТФСМ, а дневниците на судиите на стол ги покрива организаторот.
- Топки за натпреварите обезбедува ТФСМ. Секој поединечен меч се игра со нови топки, а игрите во двојки - со топки кои се употребени во поединечните натпревари.

11.11 Победникот на Македонската лига на ТФСМ го добива преодниот пехар и награда која ќе биде одредена пред почетокот на натпреварувачката сезона од страна на Управниот одбор на ТФСМ.

11.12 Доколку некоја екипа/клуб нема платено членарина за тековната година и пријавнина за учество во Првата лига (до колку е член на лигата) нема да и биде дозволено учество во лигата.

11.13 Доколку некоја екипа не настапи на два натпревара во лигата го губи правото на учество во лигата и испаѓа од лигата.

## 12. ЕКИПНИ ПРВЕНСТВА

12.1 Домаќинот на првенството го одредува ТФСМ.

12.2 Екипното првенство ќе се одржи според календарот на ТФСМ.

12.3 Екипите можат да бројат најмалку 2, а најмногу 3 натпреварувачи. Право на настап имаат сите регистрирани натпреварувачи и тоа:

- Во конкуренција на Јуниори-ки до 18 години право на настап имаат сите играчи кои полнат 18 години (за 2026 година играчи родени 2008 година) и помлади, но со наполнети 13 години на денот кога почнува главниот турнир.
- Во конкуренција на Јуниори-ки до 16 години право на настап имаат сите играчи кои полнат 16 години (за 2026 година играчи родени 2010 година) и помлади, но оние играчи кои полнат 12 години во 2026 година.
- Во конкуренција на Јуниори-ки до 14 години право на настап имаат сите играчи кои полнат 14 години (за 2026 играчи родени 2012 година) и помлади, но со наполнети 10 години на денот кога почнува главниот турнир.
- Во конкуренција на Јуниори-ки до 12 години право на настап имаат сите играчи кои полнат 10 години до играчи кои полнат 12 години (за 2026 година играчи родени од 2014 до 2016 година)

12.4 Натпреварите ќе се играат според системот на директна елиминација. Натпреварите се играат по системот 2 поединечни и 1 меч во двојки,

- за јуниори-ки до 12 години натпреварите до 1/2 финале се играат во два добиени скратени сета со примена на правилото "tie break" при резултат 4:4, а 1/2 финале и финале се игра во два добиени стандардни сета со примена на правилото "tie break" во секој сет.
- за јуниори-ки до 14, 16 и 18 години, натпреварите се играат во два добиени стандардни сета со примена на правилото "tie break" во секој сет.

12.5 За да се одржи екипното првенство треба да има пријавено најмалку 3 екипи.

## 13. МАСТЕРС ТУРНИРИ

13.1 Мастерс турнирите се одржуваат според календарот на натпревари на ТФСМ и секогаш се завршни турнири во годината за секоја категорија посебно и ќе траат максимум 3 дена.

| | |
|---|---|
| 1 ден | 1 коло |
| 2 ден | 1/2 финале и<br>Разигрување од 5 до 8 место |
| 3 ден | финале<br>Раигрување 3 и 4 место<br>Раигрување 5 и 6 место<br>Раигрување 7 и 8 место |

13.2 Мастерс ќе се одржи исклучиво во ситуација каде во дадедена категорија има најмалку 3 организирани турнири во тековната година.

13.3 Во мастерсот ќе влезат осумте најдобро пласирани на актуелната ранг-листа на ТФСМ по покана на ТФСМ и со потврдено учество за секој натпреварувач во предвидениот рок од страна на матичниот клуб за секоја конкуренција посебно. Доколку во предвидениот рок не е потврдено учеството за одреден натпреварувач, тогаш истиот нема право да се натпреварува и на негово место ќе се натпреварува поканета-потврдена резерва.

13.4 Во случај на задоцнета одјава, на Мастерсот може да настапува натпреварувач кој е присутен на запишувањето и е рангиран во дадената категорија. Не рангирани натпреварувачи немаат право да учествуваат.

13.5 Се играат во систем на елиминации со разигрување за пласман од 1 до 8 место

13.6 Доколку на официјалната ранг листа во дадена категорија повеке натпреварувачи го делат 8 (осмото) место за пласман на Мастерс турнирот, тогаш осмиот натпреварувач ќе биде одреден со извлекување на жрепка.

13.7 Носителите на Мастерсот ќе се одредуваат со полудиригиран жреб и тоа

1 носител позиција број 1

2 носител позиција број 8

3 и 4 носител ќе се извлекува за позиција број 3 односно 6

Останатите учесници со извлекување се распоредуваат на позициите 2, 4, 5 и 7

13.8 Натпреварите во мастерс турнирите во конкуренција до 14, 16, 18 и Мажи/Жени се играат во два добиени стандардни сета со примена на правилото "tie break" во секој сет.

13.9 За организација на мастерс турнирите важат истите критериуми како и за организација на Државните првенства.

13.10 Домаќин на Мастерс турнирот може биде истиот клуб што го организирал и Државното првенство во истата категорија.

## 14. ОФИЦИЈАЛНИ ЛИЦА

14.1 Официјалните лица ги сочинуваат Делегатот/Врховниот судија, судија на стол, линиските судии.

14.2 Официјалните лица за Државните првенства и сите други натпревари кои се во календарот на натпревари на ТФСМ ги одредува Судиско-Натпреварувачкиот комитет на ТФСМ.

**Делегат/Врховен судија**

- Делегатот/Врховниот судија е одговорен за влечење на жрепката, која е јавна во присуство на не повеќе од 2 претставника на играчите или претставници на клубовите.
- Делегатот/Врховниот судија го составува распоредот на играње за наредниот ден, што мора да биде истакнат на огласната табла до 20.00 часот.
- Делегатот/Врховниот судија им дава задолженија на главните и линиските судии.
- Делегатот/Врховниот судија е должен да присуствува на натпреварите, и доколку тој мора да го напушти натпреварувањето мора да одреди времен заменик.
- Делегатот/Врховниот судија заедно со директорот на турнирот ги донесуваат сите одлуки околу организацијата и спорните настани на натпреварот.
- Делегатот/Врховниот судија го проверува правото на учество на секој натпреварувач во однос на регистрација, казна, суспензија и лекарски преглед.
- Делегатот/Врховниот судија ја утврдува сатницата на натпреварите и меродавно е официјалното време (часовник истакнат на видно место).
- Делегатот/Врховниот судија ги донесува конечните одлуки што се однесува на меѓународно прифатените правила на тениската игра и однесувањето на натпреварувачите и се грижи за нивна примена.
- Делегатот/Врховниот судија може да ги прекине мечевите поради невреме, мрак или други непредвидени околности.
- Делегатот/Врховниот судија со својот потпис ги заверува постигнатите резултати и сите официјални документи на ТФСМ и е должен да поднесе извештај до Судиско-Натпреварувачкиот комитет на ТФСМ во рок од 24 часа по завршувањето на турнирот.

**Главен судија (Судија на стол)**

Главниот судија го води тенискиот меч согласно пропишаните тениски правила, вклучувајќи ги и одредбите за правилното однесување на играчите на теренот.

Пред мечот судијата треба:

- да го пополни судискиот блок со податоците на натпреварувачите,

- во присуство на двата играча да одреди кој ќе има предност во изборот на сервис, ретерн, страна или да еден од играчите го даде изборот на противникот,
- да провери дали играчите се прописно облечени во согласност со правилата на облекување,
- да обезбеди штоперица со која ќе го мери прекинот на играта.

  На натпреварот судијата треба да го мери времето за загревање кое не може да биде подолго од 5 минути, како и времето за загревање ако дојде до оправдан прекин, при што:

  а) од 0-15 минути прекин нема загревање;

  б) од 15-30 минути прекин, 3 минути загревање и

  в) над 30 минути прекин, загревање 5 минути.
- Води судиски блок за целиот тек на натпреварот. Го објавува резултатот гласно по секој одигран поен и на Делегатот/Врховниот судија му го предава резултатот од водениот меч.

**Линиски судии**

Одлуки донесуваат веднаш и гласно, ги извршуваат задачите што од нив ги бара главниот судија.

## 15. ПРАВИЛА НА ОБЛЕКУВАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ

15.1 Секој играч треба, за време на сите натпревари и додека е присутен на местото на одигрување на турнирот, да се однесува професионално.

15.2 Натпреварите ќе следуваат еден по друг без пауза (освен онаа определена за јуниори-ки согласно точка 8.3 од овие правила и прописи) во согласност со направениот план за играње, кој треба да биде поставен на видно место за играчите.

Играчите треба да бидат спремни за игра кога ќе се најават нивните натпревари.

Секој играч кој нема да биде спремен за игра после 15 мин. од најавувањето на неговиот натпревар ќе биде дисквалификуван, освен ако ТФСМ Делегатот/Врховен судија по разгледување на сите околности не одлучи да не се дава дисквалификација.

15.3 Секој играч треба да се облекува и да се претставува себеси со професионални манири. Тој треба да има чиста и прифатлива тениска облека.

1. <u>Неприфатлива облека</u>

   Дресови, гимнастички шорцови, маици со апликации или секоја неприфатлива облека не треба да се носи за време на натпреварот (вклучувајќи го и загревањето).
2. <u>Патики</u>

   Играчите се обврзани да носат патики кои се пропишани за подлогата на која играат.
3. <u>Двојки</u>

   Играчите во двојки може да се облечени во слична облека
4. <u>Ознаки</u>

   На опремата од играчите не смее да има никакви реклами или продукти на теренот додека трае натпреварот освен ова што следува:

   а) Маица, блуза или тренерка

   Ракави

   Една комерцијална реклама за секој ракав но не поголема од 19.5 см2, плус логото на производителот на секој ракав но не поголемо од 52 см2.

   Преден дел, заден дел и јака

   Две стандардни лога на производителот не поголеми од 13 см2 или едно лого но не поголемо од 26 см2.

   б) Шорц

Две стандардни лога на производителот не поголеми од 13 см2 или едно лого не поголемо од 26 см2.
в) Рекет
Стандарден лого на производителот на рекетот, стандарден лого на производителот на шпанот.
г) Капи, стегачи за глава и раце
Еден стандарден лого на производителот, не поголем од 13 см2.
д) Забрането е на облеката и опремата да има име, амблем, реклама или симбол на некој друг турнир.

5. Облека за загревање
Играчите можат да носат облека за загревање и за време на натпреварот според горенаведените правила и со одобрување на Делегатот / Врховниот судија.
6. Промена на облека
Секој играч кој ќе ги повреди овие правила и прописи за облекување, од страна на судијата на стол или ТФСМ Делегатот / Врх. судија може да му биде наредено да ја смени облеката веднаш, а притоа да не става леплива трака како би ги покрил недозволените работи. Секој играч кој ќе се спротивстави на оваа наредба веднаш ќе биде дисквалификуван.
7. Казни
Секој играч кој ќе ги повреди овие правила и прописи ќе биде казнет според следново:

| | | |
|---|---|---|
| а. | Неприфатлива облека | - 5 казнени бода. |
| б. | Повреда на правилото за комерцијална реклама | - 25 казнени бода. |
| в. | Користење на име, симбол, амблем итн. од друг турнир | - 25 казнени бода. |

15.4 НАЧИН НА ОДНЕСУВАЊЕ

1. НАПУШТАЊЕ НА ТЕРЕН (LEAVING THE COURT)
   - Играчот не треба да го напушта теренот во време на игра (вклучувајќи го и загревањето) без дозвола на судијата. Оној кој ќе го наруши ова правило ќе биде казнет со 5 - 25 бода.

2. МАКСИМАЛНО ВЛОЖУВАЊЕ (BEST EFFORTS)
   - Секој играч треба максимално да вложи напор за да го добие натпреварот. Ако има нарушување од овој тип, играчот ќе биде казнет со 25 бода.

3. ЗАВРШУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР (FAILURE TO COMPLETE MATCH)
   - Играчот мора да го заврши започнатиот натпревар, освен ако нема реална причина да не го натправи тоа. При нарушување на ова правило играчот веднаш ќе биде дисквалификуван и ќе биде казнет со 25 бода и ќе сноси дополнителна казна за лошо однесување.

4. НЕРАЗБИРЛИВИ ПРЕКИНИ (UNREASONABLE DELAYS)
   - Играчите треба да престанат со игра кога судијата на стол ќе каже дека времето за загревање поминало. Потоа натпреварот треба да започне и играчот не треба да ја прекинува играта поради било која причина.
   - Играчот има максимум 20 секунди повторно да сервира од моментот кога завршил предходниот поен до моментот на удирање на првиот сервис. Ако првиот сервис е аут, вториот мора да биде изведен без пауза.
   - Првите три гема од секој сет се играат без одмор, само со промена на страните после првиот одигран гем. Во текот на сетот кога ги менуваат страните, играчите имаат максимум

90 секунди повторно да започнат со игра. По завршување на секој сет играчите имаат 120 секунди повторно да започнат со игра.

- Играчот што прима сервис треба да го следи ритамот на серверот и мора да биде спремен да прима сервис кога серверот е спремен да сервира.
- Нарушувањето на ова правило се казнува со "Нарушување во однос на времето" и тоа првиот пат со опомена, а секој нареден пат со казнен поен.

5. СОВЕТИ ОД ТРЕНЕРИ (COACHING AND COACHES)
   - Играчите не треба да примаат совети од нивните тренери за време на натпреварот. Комуникација од секаков вид, звучна или со сигнали, помеѓу играчот и тренерот ќе биде земена како нарушување на ова правило.
   - На турнирите од Календарот за Натпреварување на Тениска Федерација на Северна Македонија, Јуниори и Јуниорки до 12 години и Јуниори и Јуниорки до 14 Години, на Играчите им се дозволува еднаш во текот на сетот да бидат по нивно барање советувани од нивниот официјален клубски тренер кој е пријавен во пријавата за турнирот.
   - Советите може да се даваат после одиграни три гема во сетот на промена на страна, како и на крај на сетот. Времетраењето на советувањето трае онолку, колку што трае одморот помеѓу два гема или одморот помеѓу два сета.
   - Доколку советувањето се случи помеѓу два сета, а во претходниот сет не е искористено помеѓу два гема се смета дека се искористило за веќе завршениот сет.
   - Играчите треба да им забранат на тренерите: (1) да употребуваат звучни или видливи недолични работи додека се наоѓаат на местото каде се игра турнирот; (2) вербално да не навредуваат судија, противник, гледач или други луѓе кои се поврзани со турнирот или физички да не ги нападнат затоа што казните ќе ги сносат самите играчи.
   - Нарушувањето на ова правило ќе биде казнето со 10 - 25 бода.
   - Во случај на флагрантно нарушување на ова правило, ТФСМ Делегатот / Врховен судија има право да го отстрани тренерот од местото каде што се игра натпреварот или турнирот и поради неговата грешка да го дисквалификува играчот.

6. ЗЛОУПОТРЕБА НА ТОПКА (ABUSE OF BALLS)
   - Играчите не треба насилно, опасно или со лутина да го удрат или фрлат тениското топче освен за време на разигрување на поен во текот на играта.
   - Нарушувањето на ова правило ќе биде казнето со 5 - 15 бода.
   - Злоупотреба на топче претставува: (1) силно удирање на топчето надвор од теренот; (2) опасно удирање во самиот терен; (3) удирање на топчето занемарувајќи ги последиците од тоа, итн.

7. ЗЛОУПОТРЕБА НА РЕКЕТ ИЛИ ОПРЕМА (ABUSE OF RACQUETS)
   - Играчите не треба насилно или со лутина да го удираат или фрлаат рекетот или други делови од опремата.
   - Нарушувањето на ова правило ќе биде казнето со 5 - 20 бода.
   - Злоупотреба на рекет или опрема претставува: (1) насилно уништување на рекетот или опремата; (2) силно или насилно удирање на мрежата, теренот, судискиот стол или други предмети за време на натпреварот.

8. ВЕРБАЛНА НАВРЕДА (VERBAL ABUSE)
   - Играчите не треба во ниту еден момент вербално да навредат некој судија, противник, гледач или друга личност која е поврзана со турнирот.

- Нарушувањето на ова правило ќе биде казнето со 10 - 30 бода.
- Вербална навреда претставува изјава насочена кон судијата, противникот, гледач или друга личност која е поврзана со турнирот, која подразбира нечесност или е навредлива, или навреда на некој друг начин.

9. ФИЗИЧКО ЗЛОСТАВУВАЊЕ (PHYSICAL ABUSE)
   - Играчите не треба во ниту еден момент физички да злоставуваат некој судија противник, гледач или друга личност која е поврзана со турнирот.
   - Физичко злоставување претставува недозволено допирање на судија, противник, гледач или друга личност.
   - Нарушувањето на ова правило ќе биде казнето со моментална дисквалификација.

10. НЕДОЛИЧНО ИЗРАЗУВАЊЕ (AUDIBLE OBSCENITY)
    - Играчите не треба недолично да се изразуваат за време на натпреварот и на местото на одигрување на турнирот.
    - Нарушувањето на ова правило ќе биде казнето со 10 - 25 бода.
    - Недолично изразување претставува употребување на опшо познати вулгарни зборови кои треба да се изговорено доволно гласно за да бидат слушнати од судијата на стол, гледачите, линиските судии или собирачите на топки.

11. НЕДОЛИЧНИ ГЕСТОВИ (VISIBLE OBSCENITY)
    - Играчите не треба да прават недолични гестови кои се видливи за судијата на стол, гледачите, линиските судии или собирачите на топки.
    - Нарушувањето на ова правило ќе биде казнето со 10 - 25 бода.
    - Недоличен гест претставува правење на знаци со раце, рекет или топки од страна на играчот кои имаат навредлив карактер или се упатени кон одредени личности.

12. НЕСПОРТСКО ОДНЕСУВАЊЕ (UNSPOTSMANLIKE CONDUCT)
    - Играчите треба за време на турнирот да се однесуваат со спортски манири и да го почитуваат авторитетот на судиите, како и правата на противниците, гледачите и другите личности.
    - Нарушувањето на ова правило ќе биде казнето со 5 - 25 бода.
    - Неспортско однесување претставува однесување на играчот кое е чисто злоупотребливо или штетно за спортот, но не е забрането со некое од претходните правила. Во неспортско однесување треба да се вклучи, но не и да се ограничи на тоа, давање, правење, употребување или одобрување на некои јавни изјави кои имаат штетен ефект за турнирот или за судиите.

13. РЕДОСЛЕД НА КАЗНУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| ПРВА казна | ОПОМЕНА (WARNING) |
| ВТОРА казна | КАЗНЕН ПОЕН (POINT PENALTY) |
| ТРЕТА казна и секоја наредна | КАЗНЕН ГЕМ (GAME PENALTY) |

Делегатот/Врховниот судија на турнирот доколку процени дека третата и било која нередна казна е тешко прекршување на тениските правила и прописи таа казна може да ја претвори во дисквалификација.

14. ДИСКВАЛИФИКАЦИЈА (DEFAULT)

- Дисквалификација на еден играч може да даде само Врховниот судија на турнирот или да го одобри доделувањето на третата казна од страна на судијата на стол.
- Секој играч кој ќе биде дисквалификуван од некој натпревар ќе биде казнет:
  1) со 50 бода; (2) ќе биде отстранет од натпреварите во двојки (доколку се уште е во конкуренција); (3) со забрана за настап во наредниот месец во сите конкуренции во кои може да настапува, освен ако третата казна т.е. дисквалификацијата ја добил според точките Б и В или поради губење на кондиција, со што е ослободен од забраната за настап на турнири.

15. НЕДОАЃАЊЕ НА ТУРНИР

- Секој играч што ќе се пријави на турнир во кој е примен во главниот костур, а не се запише или не се појави на турнирот ќе биде казнет со 10 бода.

15.5 НАЈГОЛЕМИ ПРЕКРШОЦИ НА ИГРАЧИТЕ

1. ОПКЛАДА
   - Ниту еден играч не смее да се клади за било која работа што е во врска со турнирот. Нарушувањето на ова правило ќе биде казнето со поништување на бодовите освоени на тој турнир и суспензија за играње на ТФСМ турнири за период од <u>1 година</u>.

2. ДАВАЊЕ ИЛИ ПРИМАЊЕ ПОТКУП
   - Ниту еден играч не смее да понуди, даде или прифати, или да се согласи со тоа, пари или други средства што ќе служат да некој играч го изгуби натпреварот.
     Нарушувањето на ова правило ќе биде казнето со поништување на бодовите освоени на тој турнир и суспензија за играње на ТФСМ турнири за период од **1 година**.

3. НЕДОЗВОЛЕНО ОДНЕСУВАЊЕ
   а) Ако еден играч во текот на турнирот добие 3(три) или повеќе казни дополнително се казнува со забрана за играње на турнири во траење од еден месец.
   б) Кога играчот во текот на годината ќе собере 100 казнени бода дополнително се казнува со забрана за играње на турнири во траење од еден месец.

## 16. РАНГИРАЊЕ НА ТУРНИРИТЕ И ИГРАЧИТЕ

Ранг-листата на Тениска федерација на Северна Македонија се базира врз пласманот на играчите на поединечните натпревари, како и врз база на остварените победи на играчот во тековната година од бројот на освоените поени на рангираните турнири од календарот на ТФСМ.
Бројот на поените што се добиваат во зависност од пласманот на турнирот зависат од рангот на турнирот, а бројот на поените што се добиваат за остварените победи зависат од тоа во која категорија се наоѓа победениот играч.
Ранг-листата ја прикажува актуелната - моментна натпреварувачка позиција на тенисерите и поради тоа во критериумите за рангирање влегуваат сите резултати постигнати со учество на официјалните натпревари на ТФСМ.
Ранг-листата на ТФСМ ќе го има следниот изглед:

а) Во горниот дел: за која конкуренција и датум на излегување
б) Интернационален ранг согласно став 16.3 од овие Правила.
в) Група 1 (најдобрите 10 натпреварувачи од актуелната ранг - листа)
г) Сите останати (сите натпреварувачи од 11 место па надоле)

- Ранг - листата на ТФСМ ќе биде составена од:
  Пласман, Име и презиме, година на раѓање, клуб за кој настапува, вкупно пласман од турнирите, и вкупно сите бодови заедно.
- Во редот за интернационален ранг ќе стои пласманот од интернационалната ранг-листа.

16.1 БРОЈ НА НАСТАПИ

Секој играч може да настапи на неограничен број турнири според календарот на ТФСМ. Под учество на турнир се подразбира одигрување најмалку еден меч во главниот турнир.

16.2 КРИТЕРИУМИ ЗА РАНГИРАЊЕ

Критериуми за рангирање се следниве:

1. Ранг на турнирот
2. Пласман на турнирот
3. Победа над подобро рангирани играчи (бонус поени)

16.2.1 Ранг на турнирот:

Турнирите се рангираат според бројот на учесниците и јакоста на играчите што настапуваат по ранг-листата на ТФСМ.
Турнирите се рангираат како А, 1(прва), 2(втора) и 3(трета) категорија.
Поените од мастерс турнирите се пресметуваат со посебни и единствени критериуми утврдени со овие Правила и Прописи.
Бројот на учесниците на турнирите од одделни категории е одреден според овие Правила на ТФСМ (точка 6.1).
Ако не се исполни условот за настап на минимален број играчи, како и потребниот број квалитетни играчи, турнирот го добива следниот понизок ранг.
Турнирот нема да се признае ако делегатот на ТФСМ констатира дека не се исполнети условите што ги пропишала ТФСМ согласно Правилата и Прописите.

Рангот на турнирот се одредува според категоријата во која спаѓаат натпреварувачите. Поединечните државни првенства се рангираат како А категорија.
Категоријата на останатите турнири се одредува според бројот на натпреварувачите од актуелната ранг - листа на ТФСМ и тоа од прва квалитетна група тенисери (топ 10) и бројот на учесници согласно долната табела.
Првата група ја сочинуваат играчите од 1 - 10 место на ранг - листата на ТФСМ.

| **Ранг на турнирот** | | **Прв** | **Втор** | **Трет** |
|---|---|---|---|---|
| Број на играчи од прва квалитетна група | | 8 | 6 | 6 |
| Вкупен број на играчи | Машки | 24 | 16 | 8 |
| | Женски | 24 | 16 | 8 |

Кај меѓународните турнири кои се само во календарот на ТФСМ, а не и во интернационалните календари, при одредување на рангот на турнирот, натпреварувачот од странство ќе го има интернационалниот ранг доколку има поени на АТП, ВТА, ИТФ или ТЕ ранг-листата согласно член 16.3 од овој Правилник.

16.3 КВАЛИТЕТНИ КАТЕГОРИИ

Ранг-листата се одредува според освоените поени по секој од одиграните турнири и се објавува по секој турнир во рок од 3 дена по завршување на настанот, а важи и ќе се применува од првиот нареден Понеделник

Турнирите до 10 и 12 години нема да се рангираат, а турнирите до 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени ќе се рангираат најдобрите 5 резултати од вкупно одиграните турнири, освоени во поединечна конкуренција и едно најдобро бодуваното екипно првенство во категоријата, како и најдобро бодуваниот турнир во двојки (турнирот во двојки се бодува како турнир од Втора Категорија).

Бројот на поените за ранг-листата се добиваат како збир од поените за пласманот и остварените победи.  Ако двајца или повеќе играчи имаат еднаков број на поени, ќе бидат рангирани на истото место (ќе го делат местото), но приоритет ќе му се даде на играчот кој има одиграно помал број на одиграни турнири.

**Табела на поените за пласман:**

| **Пласман на турнир** | **Победник** | **Финале** | **1/2 финале** | **1/4 финале** | **2 коло** | **1 коло** | **Посл. Коло квалиф.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А категорија | 180 | 120 | 80 | 50 | 30 | 15 | 8 | |
| Прва Категорија | 100 | 75 | 50 | 30 | 20 | 10 | 5 | |
| Втора Категорија | 75 | 50 | 30 | 15 | 10 | 5 | / | |
| Трета Категорија | 50 | 30 | 20 | 10 | 5 | / | / | |
| **Мастерс** | **победник 100** | **финалист 75** | **3 место 60** | **4 место 50** | **5 место 40** | **6 место 30** | **7 место 20** | **8 место 10** |
| Екипно првенство | 60/45/30 | 45/30/20 | 30/20/10 | 20/10/5 | / | / | / | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лига за Мажи | Победник<br>1ва Табла<br>2ра Табла<br>3та Табла<br>4та Табла<br>5та Табла<br>6та Табла | 20 поени<br>15 поени<br>12 поени<br>10 поени<br>8 поени<br>6 поени | | | | | | |

**Поени за победа (бонус)**

| Поединечна конкуренција | |
|---|---|
| **Ранг на играчот / двојката** | **Бонус поени** |
| Интернационален ранг | 30 |
| 1 | 20 |
| 2-5 | 10 |
| 6-10 | 5 |
| **Конкуренција на двојки** | |
| Интернационален ранг | 30 |
| 1 | 20 |
| 2-5 | 10 |
| 6-10 | 5 |

**Поени за победа се добиваат:**

- када натпреварот завршува регуларно;
- при предавање на натпреварот поради повреда ако тој е почнат;
- при дискфалификација на противникот во текот на натпреварот.

Ако од оправдани причини не се одигра финалниот натпревар двајцата играчи добиваат поени за финале. Ако од истите причини не се одигра ниту полуфиналето, играчите добиваат поени за полуфинале.

Ако турнирот е прекинат поради виша сила тогаш турнирот се бодува до моментот до целосно одиграно коло од турнирот.

Играчот кој има добиено "Wild Card" и играчот влезен во главниот турнир како "Lucky Loser"се изедначува со другите играчи од главниот турнир.

Играчот кој ќе го почне натпреварот и во текот на натпреварот се повреди или се разболи, се третира како учесник на турнирот.

Интернационален ранг на ранг-листата на ТФСМ ќе добиваат оние играчи кои се наоѓаат на интернационалните ранг-листи и тоа:

- до 1000 место на АТП и ВТА
- до 300 место на ИТФ - 18 години
- до 150 место на ТЕ - 14 и 16 години

Играч кој нема бодови на АТП, ВТА, ИТФ, ТЕ и не е рангиран на ранг-листата на МТФ за домашни натпревари, ќе се третира како играч без бодови, без оглед на неговиот квалитет.
Играчите со интернационален ранг ќе бидат рангирани пред сите и нема да влегуваат во групата од 1-10 место на ранг-листата на ТФСМ.
Доколку некој играч има бодови и на домашната ранг-листа и на меѓународната ранг-листа ќе му се важи интернационалниот ранг пред домашниот, а покрај местото на кое се наоѓа играчот, на таа листа ќе му стојат и бодовите од домашната ранг-листа.

## 17. ДРУГИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

17.1 Играчот за време на играта може да побара медицински третман од лекар или физиотерапевт, кој ќе определи дали ќе има три минути за санирање на повредата. За истата повреда лекарот може да интервенира следните два одмори од 90 секунди при промена на страните.
Ако играчот не продолжи со игра по завршување на трите минути одредени за лекарски третман, се постапува според правилото за казнување од точка 18.4.13 од овие правила.

17.2 Играчот за време на играта може да побара пауза до тоалет. Истата е ограничена на една пауза кај мажите и јуниорите во тек на еден натпревар, односно две паузи кај жените, односно јуниорките. Се препорачува истата да биде искористена на крај на сетот.

17.3 Кога се играат поединечни и натпревари во двојки на теренот освен главниот судија, линиските судии, собирачите на топки и играчите не смее да бидат присутни други лица. На екипните натпревари може да биде присутен и капитенот на екипата, за да им дава совети на играчите за време на одморот.

17.4 Во текот на турнирот натпреварувачот или екипата може да се жали на одлуките за кои смета дека се спротивни на тениските правила до Делегатот/Врховниот судија. Жалбата треба да биде потпишана од подносителот и платена такса која ја одредува управниот одбор на ТФСМ со донесување одлука пред почетокот на секоја натпреварувачка сезона.

17.5 По турнирот натпреварувачот или екипата може да се жалат на донесените одлуки за време на турнирот до Судиско-натпреварувачкиот комитет на ТФСМ во рок од 48 часа по завршување на турнирот.

## 18. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

18.1 Клубот што ќе пријави играч кој е влезен директно во главниот турнир и навреме не го одјави ќе биде казнет според точка 15.4.15 од овој Правилник.

18.2 Против играчот што ќе го напушти натпреварот без оправдана причина или нема да ги одигра сите мечеви ќе биде поднесена дисциплинска пријава.

18.3 Против организаторот на турнирот, Делегатот/Врховниот судија, клубот, како и против играчите може да се поднесе дисциплинска пријава ако работат спротивно од одредбите на овој Правилник.

18.4 Пријави можат да поднесат: играчите, клубот, директор на турнирот, Делегатот/Врховниот судија. Пријавите се поднесуваат до Судиско-натпреварувачкиот комитет и Дисциплинската комисија на ТФСМ.

18.5 Делегатот/Врховниот судија можат да се казнат со забрана на вршење на овие функции на одредено време.

18.6 Сите парични казни се уплаќаат на сметка на ТФСМ и служат за унапредување на тенискиот спорт.

## 19. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

19.1 Овие Правилата и Прописи се применуваат на сите тениски натпревари.

19.2 Толкување на овие Правила и Прописи дава Управниот одбор на ТФСМ.

19.3 За сите правила на тениската игра кои не се споменати во овие Правила и Прописи, важат правилниците на ТЕ, ИТФ, АТР и WTA.

19.4 Овие Правила и Прописи стапуваат на сила од денот на донесување од Управниот одбор на ТФСМ и ќе важат до донесување измени или нови Правила и Прописи.

**ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Александар Ивановски**

**Претседател**

Скопје, 05.03.2026 година